ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 08 – 136/5**

**Дата: 26.10.2010**

**ДО**
**АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија (во понатамошниот текст - Агенција) за 2009 година.
Не е извршена ревизија за годините кои претходат на годината која е предмет на ревизијата.
Изразено е мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи.
Изразено е мислење без резерва во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Агенцијата функционира во услови кога не е развиен единствениот туристички информационен систем со кој треба да се воспостави врска помеѓу активностите на Агенцијата и ефектите од нејзиното работење.
Агенцијата во текот на 2009 година функционирала само со еден вработен (директор) и ангажирани лица по договор за дело. Според одредбите од Законот за основање на Агенцијата, вработените од Министерството за економија кои во претходниот период ги вршеле работите од областа на промоција на туризмот требало да бидат преземени во Агенцијата. Имајќи предвид дека седиштето на Агенцијата е во Струга ова законско решение не е спроведено од причина што истото е спротивно на одредбите од Законот за државни службеници.

| **Ревизорски тим:** | **Овластен државен ревизор** |
|---|---|
| *1.*______________________ | _______ ___________ |
| *2.*______________________ | |

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 7 и 8 заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата кои се состојат од Билансот на приходи и расходи и Билансот на состојба за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Агенцијата за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

› Зоран Стрезовски, директор на Агенцијата

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Агенцијата се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот.

Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извешти. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1 погоре е планирана и извршена во периодот од 12/07/2010 до 30/07/2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои се опфатени во овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Агенцијата – предмет на ревизија.

### 3.1. Усогласување со закони прописи

**3.1.1.** Со увид во работењето на Агенцијата и законските надлежности на истата ревизијата констатира дека до денот на ревизијата не е развиен единствен туристички информационен систем со кој треба да се воспостави врска помеѓу активностите на Агенцијата и ефектите од нејзиното работење (склучените договори со туроператорите и хотелите) од една страна и соработка со единиците на локална самоуправа во функција на поддршка и промоција на одговорен и одржлив развој на туризмот во Република Македонија, од друга страна.

**Препорака:**

Имајќи предвид дека 80% од туристичката такса претставува приход на единиците на локална самоуправа, а 20% приход на Централниот Буџет, ревизијата смета дека во функција на промоција и поддршка на туризмот треба да се воспостави соработка помеѓу Агенцијата и единиците на локална самоуправа преку воспоставување на единствен туристички информационен систем.

## 4. Ревизорско мислење:

Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата, на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

## 5. Системски слабости

Согласно член 23 од Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија, Агенцијата има обврска вработените во Министерството за економија кои вршеле работи од обласа на промоција на туризмот да ги презема согласно актите за внатрешна организација и систематизација на работни места на Агенцијата. Од друга страна, согласно Законот седиштето на Агенцијата е во Струга и вработените не можат да бидат превземени бидејќи истото е спротивно на одредбите од Законот за државни службеници. Имено, согласно член 27 од овој Закон е предвидено дека државен службеник без негова согласност може да биде распореден во ист или во друг орган надвор од местото на неговото живеалиште во случај на вонредни околности се додека тие траат но не подолго од три месеци.

Во текот на 2009 година за извршување на основната дејност на Агенцијата покрај именуваниот директор биле ангажирани и шест лица по договор за дело што е спротивно на член 4 од Законот за Агенции за привремени вработувања. Од страна на Агенцијата, поднесени се барања за добивање согласност за вработувања, но реализацијата на истото е извршена во Мај 2010 година.

Врз основа на наведеното произлегува дека:

- ✓ горенаведените одредби од Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија се во колизија со Законот за државни службеници;
- ✓ во Министерството за економија се уште функционира Секторот за туризам што е спротивно на одредбите на Законот и доведува до неекономично трошење на буџетските средства.

Скопје, 25/10/2010 година

**Агенција за промоција и поддршка на туризмот**
**Сметка за редовно работење**
БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 ГОДИНА

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис** | 2009 | 2008 |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 274 | 0 |
| Трансфери и донации | 7,302 | 2,723 |
| **Вкупно приходи** | **7,576** | **2,723** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 934 | 0 |
| Стоки и услуги | 6,552 | 2,723 |
| Субвенции и трансфери | 22 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **7,508** | **2,723** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 68 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **68** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **7,576** | **2,723** |

**Агенција за промоција и поддршка на туризмот**
**Сметка за редовно работење**
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 0 | 274 |
| Активни временски разграничувања | 230 | 2,652 |
| **Вкупно тековни средства** | **230** | **2,926** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 61 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | **61** | **0** |
| **Вкупна актива** | **291** | **2,926** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 204 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 26 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 0 | 2,926 |
| **Вкупно тековни обврски** | **230** | **2,926** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 61 | 0 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | **61** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **291** | **2,926** |